РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 04-1186/14
26.05.2022 ГОД.
РЕСЕН

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници (Службен Весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018, Службен весник на РСМ бр. 275/2019 14/2020, 215/2021, 99/2022 ) ,Секретарот на Општина Ресен донесе

**О Д Л У К А**

**за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по пат на интерен оглас**

1.Административниот службеник Бојана Карапалевска ,по пат на интерен оглас ,се избира за работно место **Самостоен референт за Едношалтерски усуги и упатување на странки** шифра **УПР 01 01 Г01 000** со звање **Самостоен референт** во Одделение за правни и општи работи,Сектор за правни и општи работи и јавни дејности Општина Ресен.

2.Избраниот административен службеник во рок од 3 (три) дена од денот на објавувањето на оваа одлука должен е да достави докази за исполнување на посебните услови.

3.По завршувањето на постапката за избор и конечноста на Одлуката ,Градоначалникот на Општина Ресен ќе донесе Решение за унапредување на избраниот административен службеник од точка 1 на оваа Одлука .

**Образложение**

Врз основа на барање за започнување на постапка за унапредување на административен службеник со интерен оглас бр.04-1186/1 од 16.05.2022 година и Известување за обезбедени финансиски средства бр.04-1186/2, Одделението за управување со човечки ресурси објави интерен оглас на веб страната на Општина Ресен и веб страната на Агенцијата за администрација.

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник формирана со Решение бр.04-1186/9 од 25.05.2022 година,спроведе административна селекција по наведениот интерен оглас и состави Записник и прилог ранг листа со бодирање на докази со бр.04-1186/10 од 26.05.2022 година.

Комисијата за селекција на административен службеник го закажа и спроведе интервјуто со единствениот кандидат **Бојана Карапалевска** , за што состави записник од работата на Комисијата заради спроведување на интервју на ден 26.05.2022 година .Финалната ранг листа од спроведеното интервју е доставена до Секретарот на Општина Ресен со прворангираниот кандидат .

Согласно финалната ранг листа која е составен дел од Записникот и со оглед на тоа дека наведениот кандидат е единствен кандидат кој ги исполнува потребните услови за наведеното работно место се одлучи како ви диспозитивот на оваа Одлука .

**Правна Поука:** Против оваа Одлука за избор,кандидатот има право на жалба во рок 8 (осум) дена до Агенција за администрација ,од денот на објавување на Одлуката на веб страната на Општина Ресен .

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН РЕСЕН

**Секретар на Општина Ресен**

**Зоран Кипревски**

**Доставено до:**
-Избраниот административен службеник
-Одделение за управување со човечки ресурси